Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

- Сектор за финансиски систем –

**Предмет**: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамки на соработката во областа на банкарството помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека на 16ти јуни 2021 година во Скопје ќе се одржи Virtual classroom семинар на тема: "**Introduction to digital finance**".

Семинарот е во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург (ATTF - www.attf.lu), која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of training - www.houseoftraining.lu).

Основната цел на семинарот е да го продлабочи знаењето на учесниците за дигиталните и трансформациските рамки. Учесниците ќе се стекнат со знаења за развојот и реализацијата на иновативни финансиски производи и услуги преку дигитална технологија.

Семинарот е комбинација на теоретско предавање и практични вежби. Целна група се вработени во банки и останати финансиски институции (нетехничките професионалци на банкарскиот сектор вклучени во дигиталната трансформација на нивната организација).

Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. Учеството не предвидува плаќање на котизација.

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество можете ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии, секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки .

Апликациите се доставуваат најдоцна до 8 јуни (вторник) 2021 година на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

Контакт лица:
Горан Мојаноски тел: 3255-538, email: goran.mojanoski@finance.gov.mk
Иван Недев тел: 3255-370, email: ivan.nedev@finance.gov.mk